**2010026444**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 и член 32 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр.156/09), член 9 став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр.146/09), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/06 и 88/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 16.02.2010 донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2010 ГОДИНА

**1.** Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2010 година („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) во делот II во табелата во потточката 1.7 во колоната „Вид на мерка" по зборовите: „Финансиска поддршка по површина за одржување на постоечки овошни насади" се додаваат зборовите: „освен за пријавените насади со јаболки во потточка 1.15.„

По потточката 1.14 се додава нова потточка 1.15 која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.15 | Финансиска поддршка по површина за одржување на постоечки насади со јаболки | *-минимум 0,3 ха*<br>*-прифатлив број на садници: најмалку 800 садници/ха*<br>*- насадот е во полна родност и е подигнат најрано во есен 2005 - пролет 2006 година*<br>*- насадот да не е постар од 15 години од подигнувањето* | 43.700,00ден/ха |

2.Во делот XI став 3, по точката се додава нова реченица која гласи:
„Крајниот рок за поднесување на барање за потточката 1.15 е 26.03.2010 година."

**2.** Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-1252/1
16 февруари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.